Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia

Pranuar / Примено / Received: 5.2023

| Njësia / Орг.Един. / Org.unit | Numri / Број / No. | Shtojca / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
|---|---|---|---|
| 03 | 1357/3 | 0 | |


Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 април 2023 година, дава

# РЕШЕНИЕ
## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Информациски системи и менаџмент“, на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии, при Универзитет на Југоисточна Европа

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Информациски системи и менаџмент“, на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии, при Универзитет на Југоисточна Европа.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По добивање на Решение за акредитација бр.08-235/9 од 21.9.2022 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Универзитетот на Југоисточна Европа, достави Барање бр.03-177/15 од 27.9.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр.08-954/1 од 28.9.2022 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Информациски системи и менаџмент“, на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии, при Универзитет на Југоисточна Европа.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-954/2 од 28.9.2022 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 29.9.2022 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-954/3 од 6.10.2022 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Информациски системи и менаџмент“, на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии, при Универзитет на Југоисточна Европа, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).



[1] 03-1357/3 [2023]

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-2397/6**
**5 април 2023 година**
**Скопје**

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

Подготвил: Христина Мишевска, самостоен референт
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: : Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата